# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ЉУБЉАНА, СЛОВЕНИЈА КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ “ИНОВАТИВНО УЧИЛИШТЕ ОТСКОЧНА ШТИЦА“ 08. – 14.05.2016

Во периодот од 08. – 14.05.2016 година по иницијатива на Универзитетот во Берн, Швајцарија, во Љубљана, Словенија се одржа првата конференција за оваа година од меѓународниот проект “Иновативно училиште отскочна штица“. На конференцијата учествуваа 28 студенти од прв и втор циклус од шест земји и тоа од Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Македонија, Русија и Швајцарија. Учесниците презентираа трудови од областа на дрвната индустрија, шумарството, одржливиот дизајн и слично. Од УКИМ т.е. од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер како и од Шумарскиот факултет од Скопје, учествуваа четири колеги и тоа: Кристина Чачовска ( Macedonian ethno tavern), Соња Јанковиќ ( Sustainable design), Стефанија Паункова ( Kitchen countertops – Choosing a right surface material and their comparison) и Катерина Среброва ( Aspects of dissemination of hypovirulence in populations of Cryphonectria parasitica in Macedonia).

Покрај работниот дел од конференцијата љубезните домаќини од Биотехничкиот факултет од Љубљана ни овозможија да го запознаеме културното јадро на стариот град, музеи, посета на музејот на плевни во Шанруперт, како и посета на живописното езеро Блед, каде беа доделени сертификатите на учесниците и каде беа прогласени најуспешните презентации.

Меѓународниот проект “Иновативно училиште отскочна штица“ претставува вистинска можност за развивање на научната мисла, десеминација на знаења, запознавање на нови колеги и остварување на професионални контакти и пријателства.







